РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-1800/2
04.10.2024 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Регионално географско друштво ГЕОСФЕРА, ул. Генерал Васко Карангелески 23/15, Битола со број 10-1800/1 од 04.09.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од ГЕОСФЕРА, заверено под број 10-1800/1 од 04.09.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата ГЕОСФЕРА, преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 04.09.2024 година заверено под број 10-1800/1 со кое побара преку е-маил да му биде доставено електронски запис од следната информација: ЛЕАП 2024; план за квалите на воздух; акционен план за бучавост; стратегија за управување на климатски промени; програма за енергетска ефикасност; стратегија за одрчлив развој; програма за животна средина; програма за финансирање на граѓанските организации; програма за јавна чистота за 2024: програма за урбанистички планови за 2024; рурален развој 2024; план за ерозија; стопанисување на шуми; план за уредување на речни корита; план за заштита од природни непогоди; катастар за животна средина; извештај за состојбата со животна средина; план за управување со заштитените подрачја во Општина Ресен.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве известува дека: за точките 1,2,3,4,7,15,17,18,19 во прилог Ви го доставуваме одговорот од Секторот за животна средина. За точките 5,6,12 во прилог Ви го доставуваме одговорот од Одделението за локален економски развој и прекугранична соработка. За точка 8 Програмата за финансирање на граѓанските организации објавена е во "Службен гласник на Општина Ресен" бр.19/2023 година.
За точките 9, 10, 11 односно програма за комунални дејности, програма за јавна чистота , програма за урбанистички планови за 2024 година објавени се во "Службен гласник на Општина Ресен" бр.19/2023 година. Точките 13 и 14 односно план за ерозија и план за стопанисување на шуми нема, и за точка 16 односно план за заштита од природни непогоди нема во тек е изработка на истата.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**

**Јован Тозиевски**

____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР. 18-4
30.09 2024 год
РЕСЕН

До
**Сектор за правни и општи работи и јавни дејности**

**Предмет: Одговор на Барање**

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање податоци, Ваш број 10-сл од 10.09.2024 година, во прилог Ви ги доставуваме следните податоци кои се од наша надлежност:

1. За тековниот период не е изработен ЛЕАП, истиот се планира да се изработи во периодот што претстои
2. Не е изработен План за квалитет на амбиентален воздух, кога ќе има општината доволно финансиски средства за изработка истиот ќе биде изработен
3. Не е изработен акционен план за бучавост за Општина Ресен, кога ќе има општината доволно финансиски средства за изработка истиот ќе биде изработен
4. Не е изработена Стратегија за управување со климатски промени за Општина Ресен, кога ќе има општината доволно финансиски средства за изработка истата ќе биде изработена

7. Програма за заштита на животната средина за 2024 година е изработена и истата е достапна на нашата web страна resen.gov.mk

15. Општина Ресен има изработено Програма за уредување на речните корита за 2024 година и истата е достапна на нашата web страна resen.gov.mk

17. Општина Ресен нема изработено Катастар за животна средина, кога ќе има општината доволно финансиски средства за изработка истиот ќе биде изработен

18. Не е изработен Извештај за состојбата со животната средина

19. Општина Ресен изработи План за управување со Споменикот на природата Преспанско Езеро 2024-2033 и истиот е достапен на нашата web страна resen.gov.mk, а План за управување со Паркот на природата Езерани ќе се изработи во наредниот период

Со почит,

Изработил
Марија Пројовска Марковска

Раководител на Сектор за животна средина
Ајман Ал Малла

**ОПШТИНА РЕСЕН**
*Адреса: Плоштад Цар Самоил бр.20, 7310 Ресен, Тел: 047/551-770 email: kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk*

**-Интерно-**
**17-сл**
**10.09.2024**

**До:**
**Сектор за правни и општи работи и јавни дејности**

**Предмет: Достава на податоци**

Почитувани,

Во врска со барањето на информации од јавен карактер заведено под број 10-1800/1 од 04.09.2024 од Геосфера – Битола, во прилог на овој допис во електронска форма Ви доставуваме:

-Програма за енергетска ефикасност на Општина Ресен
-Стратегија за локален економски развој на Општина Ресен

Со почит,

Изработил: Татјана Секулоска

**Раководител на одделение за локален економски развој и прекугранична соработка**

**М-р Крсте Мицалевски**